# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 4 март 1993
Скопје
Број 12 Год. XLIX

Аконтацијата за 1993 година изнесува 60.000 денари. Овој број чини 4.000 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

318.

## УКАЗ БР. 7
## НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 3 МАРТ 1993 ГОДИНА

Врз основа на член 15 точка 16 од Законот за одбрана на Република Македонија

СЕ РАЗРЕШУВА

– генерал-потполковник Митре Арсовски, началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија од сегашната должност.

Со разрешувањето од должноста на генерал-потполковник Митре Арсовски му престанува службата во Армијата на Република Македонија со право на полна пензија.

Указот влегува во сила веднаш.

Бр. 08-813
3 март 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

319.

## УКАЗ БР. 8
## НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 3 МАРТ 1993 ГОДИНА

Врз основа на член 15 точка 16 од Законот за одбрана на Република Македонија

СЕ ПОСТАВУВА

– за началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија вицеадмиралот Драгољуб Боцинов.

Бр. 08-814
3 март 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**,с.р.

320.

## УКАЗ БР. 9
## НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 3 МАРТ 1993 ГОДИНА

Врз основа на член 15 точка 16 од Законот за одбрана на Република Македонија

СЕ РАЗРЕШУВА

– генерал-мајор Боце Перески, началник на Управата за морал во Генералштабот на Армијата на Република Македонија од досегашната должност.

Со разрешувањето од должноста на генерал-мајор Боце Перески му престанува службата во Армијата на Република Македонија со право на пензија.

Указот влегува во сила веднаш.

Бр. 08-815
3 март 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

321.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за издавачката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-798/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за издавачката дејност („Службен весник на СРМ број 24/78 и 51/88) во член 24 став 1 зборовите: „500.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите „пет до дванаесет плати“.

Член 2

Во член 25 став 1 зборовите: „1.000.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 3

Во член 26 став 1 зборовите: „500.000 до 2.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите „30 до 60 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите „три до десет плати“.

Член 4

Во член 27 став 1 зборовите: „500.000 до 2.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите „30 до 60 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите „пет до дванаесет плати“.

Член 5

Во член 28 став 1 зборовите: „200.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите „30 до 50 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите „пет до десет плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Член 3

Во член 38 став 1 зборовите: „500.000 до 2.500.000 [ди]нари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 90 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на [об]јавувањето во „Службен весник на Република Маке[до]нија“.

---

[32]5.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на [Ре]публика Македонија, претседателот на Република [Ма]кедонија и претседателот на Собранието на Репу[бл]ика Македонија издаваат

## УКАЗ
## [ЗА] ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУ[ВА]ЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕЧНАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот [за] библиотечната дејност,

што Собранието на Република Македонија го до[нес]е на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-802/1
[26] февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## [ЗА] ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕЧНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за библиотечната дејност („Службен [вес]ник на СРМ“ број 35/84 и 51/88) во член 51 став 1 [збо]ровите: „200.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат [со] зборовите: „30 до 50 плати“.

Во став 2 зборовите: „15.000 до 100.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 2

Во член 52 став 1 зборовите „250.000 до 1.500.000 [дин]ари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „20.000 до 150.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 3

Во член 53 став 1 зборовите: „250.000 до 1.500.000 [дин]ари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „20.000 до 150.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Во став 3 зборовите: „20.000 до 150.000 динари“ се [заме]нуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 4

Во член 54 став 1 зборовите: „200.000 до 1.500.000 [дин]ари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „20.000 до 150.000 динари“ се [зам]енуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**326.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за споменици и спомен - обележја,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-803/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА

Член 1

Во Законот за споменици и спомен - обележја („Службен весник на СРМ“ број 31/82 и 51/88) во член 30 став 1 зборовите „500.000 до 2.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 90 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 2

Во член 31 став 1 зборовите: „500.000 до 1.800.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 220.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Член 3

Во член 32 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Член 4

Во член 33 став 1 зборовите : „300.000 до 1.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 50 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 250.000 динари“ се заменуват со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Член 5

Во член 34 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до дванаесет плати“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

327.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за филмската дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-804/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ НА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за филмската дејност („Службен весник на СРМ“ број 15/86 и 51/88) во член 42 став 1 зборовите: „500.000 до 2.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 2

Во член 43 став 1 зборовите: „300.000 до 1.700.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 3

Во член 44 став 1 зборовите: „300.000 до 1.700.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 4

Во член 45 став 1 зборовите: „700.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 90 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 5

Во член 46 став 1 зборовите: „700.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 90 плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 6

Во член 47 став 1 зборовите: „600.000 до 2.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „20 до 70 плати“

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 7

Во член 48 став 1 зборовите: „300.000 до 1.700.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 8

Во член 49 став 1 зборовите: „300.000 до 1.700.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „100.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до десет плати“.

Член 9

Во член 50 зборовите: „50.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 10

Во член 51 став 1 зборовите: „1.000.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 9[illegible] плати“.

Во став 2 зборовите: „150.000 до 250.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

328.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08 – 805/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ број 20/90, 27/90, 10/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 18/92 во член 56 став [illegible] зборовите: „од 2.000,00 до 25.000,00 динари“ се заменуваат со зборовите: „од 50 до 100 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „од 1.000,00 до 15.000,00 динари“ се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати“.

Во ставот 3 зборовите: „од 500,00 до 2.500,00 динари“ се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати“.

Во ставот 4 зборовите „од 500,00 до 2.500,00 динари се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати“.

Член 2

Во членот 57 став 1 зборовите: „од 1.000,00 до 15.000,00 динари“ се заменуваат со зборовите „од 40 до 90 плати“, а по точката 1 се додава нова точка 1-а која гласи:

„1-а) не го почитува распоредот, почетокот и завршетокот на работното време утврдено согласно со член 24 на овој закон."

Во ставот 2 зборовите: „од 800,00 до 10.000,00 динари" се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Во ставот 3 зборовите: од 300,00 до 1.500,00 динари" се заменуваат со зборовите: од пет до петнаесет плати".

Во ставот 4 зборовите: „од 500,00 до 2.500,00 динари" се заменуват со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**329.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08 - 806/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

Член 1

Во Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен лист на СФРЈ" број 17/90)во членот 57 став 1 зборовите: „од 900 до 4.500 динари" се заменуваат со зборовите: „од 20 до 60 плати".

Во ставот 2 зборовите: „од 200 до 1.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од две до десет плати".

Член 2

Во членот 58 став 1 зборовите: „од 800 до 4.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од 20 до 50 плати".

Во ставот 2 зборовите: „од 80 до 800 динари" се заменуваат со зборовите: „од две до десет плати".

Член 3

Во членот 59 зборовите: „од 300 до 1000 динари" се заменуваат со зборовите „од две до дванаесет плати".

Член 4

Во членот 60 зборовите: „од 200 до 1.000 динари", се заменуваат со зборовите: „од две до дванаесет плати".

Член 5

Во членот 61 зборовите: „од 100 до 500 динари" се заменуваат со зборовите: „од една до две плати".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**330.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД РАБОТНИОТ ОДНОС

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основните права од работниот однос,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-807/-1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД РАБОТНИОТ ОДНОС

Член 1

Во Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ" број 60/89 и 42/90), во членот 89, ставот 1 зборовите: „9.000.000 до 45.000.000 динари", се заменуваат со зборовите: „од 50 до 100 плати".

Во ставот 2 зборовите: „од 2.000.000 до 10.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Во ставот 3 зборовите: „од 2.000.000 до 10.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Член 2

Во членот 90 став 1 зборовите: „5.000.000 до 25.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од 40 до 90 плати".

Во ставот 2 зборовите: „од 1.000.000 до 5.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Во ставот 3 зборовите: „од 1.000.000 до 5.000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**331.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработувањето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-808/-1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ“ број 32/87, 18/89, 36/89, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 36/91) во членот 84 ставот 1 зборовите: „од 50.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од 20 до 60 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „од 20.000 до 50.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет плати“.

Член 2

Во членот 85 ставот 1 зборовите: „од 50.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од 20 до 60 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „од 20.000 до 50.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет плати“.

Член 3

Во членот 85-а зборовите: „од 100.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет плати“.

Член 4

Во членот 86 зборовите: „од 30.000 до 100.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет плати“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**332.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за општествената заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-809/-1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ број 6/81, 40/87, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 38/91) во членот 64 став 1 зборовите: „до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од 20 до 60 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „од 1.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати“.

Член 2

Во членот 65 зборовите: „до 1.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од една до две ипол плати“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**333.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08 - 810/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 36/91), во членот 137 став 1 зборовите: „500 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „20 до 60 плати“.

Во став 2 зборовите: „150 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите „две до десет плати“.

Во став 3 зборовите: „250 до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до дванаесет плати“.

Член 2

Во член 138 зборовите: „150 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до десет плати“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

334.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и уживателите на права од пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08 - 811/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за матичната евиденција за осигурениците и уживателите на права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ број 20/79 и 68/88), во членот 37 став 1 зборовите: „250.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „20 до 60 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „100.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до десет плати“.

Член 2

Во член 37-а став 1 зборовите: „250.000 до 2.500.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „20 до 50 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „100.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до десет плати“.

Во ставот 3 зборовите: „100.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до десет плати“.

Член 3

Во членот 37-б зборовите: „100.000 до 1.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до десет плати“

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

335.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС СО СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08 - 812/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС СО СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Член 1

Во Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани („Службен лист на СФРЈ“ број 11/78 и 64/89) во членот 12 став 1 зборовите: „од 5.000.000 до 25.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од 30 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „од 2.000.000 до 10.000.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „од пет до петнаесет плати“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

336.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управната инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-819/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,**с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на СРМ“ број 29/79, 22/87 и 23/90) во членот 24 став 1 зборовите: „од 100,00 до 1.200,00 динари“ се заменуваат со зборовите: „од една до осум плати“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**337.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-818/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**,с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија број 36/92) во член 15 став 1 зборовите: „100.000 до 250.000 денари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“.

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со парична казна од пет до петнаесет плати ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во претпријатието или другото правно лице, како и лицето во вршење на самостојна дејност - давање услуги на сместување на граѓани“.

Досегашните ставови 2 и 3 се бришат.

Член 2

Во членот 16 зборовите: „10.000 до 25.000 денари“ се заменуваат со зборовите: „половина плата до две плати“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**338.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА И ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС

Се прогласува Законот за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-820/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**,с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА И ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС

Член 1

Во Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен весник на Република Македонија“ број 36/92) во членот 65 став 1 зборовите: „100.000 до 250.000 денари“ се заменуваат со зборовите: „од 50 до 100 плати“.

Во став 2 зборовите: „10.000 до 25.000 денари“ се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Во ставот 3 зборовите: „може да“ се заменуваат со зборот „ќе“.

Член 2

Членот 66 се менува и гласи:

„Со парична казна од две до две ипол плати или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок:

1) лице кое ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине државната граница надвор од местото определено за преминување или лице кое ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине државната граница без важечка патна исправа (член 7 став 1);

2) лице кое ќе го напушти пловниот објект, односно граничниот премин пред извршената контрола на патните исправи (член 19 ставови 2 и 3)

3) лице кое при преминувањето на државната граница не ќе ги пријави на надлежниот орган оружјето или муницијата што ги носи со себе (членови 23 до 27);

4) лице кое без одобрение изнесува од Република Македонија оружје и муниција кога за изнесување на оружје и муниција е потребно одобрение (членови 24 и 25);

5) лице кое ќе пренесе или ќе се обиде да пренесе оружје или муниција преку граничниот премин отворен, за пограничниот премин отворен, за пограничен сообраќај, освен ако е тоа определено со меѓународен договор (член 31);

6) лице кое се движи и престојува во граничниот појас без дозвола (член 32 став 1 и член 33 став 1);

7) лице кое во граничниот појас се движи ноќе

надвор од населените места или јавните патишта (член 36);

8) лице кое лови или рибари во граничниот појас без дозвола за движење и престој во граничниот појас (член 37 став 1);

9) лице кое при движењето и престојот во граничниот појас не се придржува кон одредбите на меѓународните договори што го регулираат режимот на границата (член 58);

10) лице кое ќе се насели во граничниот појас без одобрение (член 41 став 2);

11) лице кое ќе изгради објект во граничниот појас или на подрачјето на граничниот премин без одобрение (член 42 став 1);

12) сопственикот, односно корисникот на јахта или чамец наменети за разонода или спорт, ако без одобрение крстосува или се задржува во езерата на кои се врши меѓународна пловидба (член 52 став 1).

Со парична казна од десет до петнаесет плати или со казна затвор од 30 дена ќе се казни за прекршок:

1) заповедникот на воздухоплов кој не ќе го пријави слетувањето надвор од воздухопловното пристаниште во случај на виша сила (член 10);

2) одговорниот работник на железничкото претпријатие ако возот во меѓународниот сообраќај го запре на дел од пругата меѓу граничната линија и подрачјето на граничниот премин, освен во случај на виша сила или нужна потреба (член 17 став 1);

3) одговорниот работник на железничкото претпријатие ако не го обезбеди возот што по влегувањето во Република Македонија, ќе застане на отворена пруга надвор од подрачјето на граничниот премин и не го спречи влегувањето на лице во возот, односно излегувањето на лице од возот и ако за запирањето на возот веднаш не го извести Министерството за внатрешни работи (член 17 став 2);

4) одговорниот работник на железничкото претпријатие, ако за запирањето на возот што излегува од Република Македонија, надвор од подрачјето на граничниот премин на отворена пруга веднаш не го извести Министерството за внатрешни работи и не го спречи влегувањето на лица во возот, односно излегување на лице од возот (член 17 став 3);

10) заповедникот на пловен објект ако на езера на кои се врши меѓународна пловидба, прими или качи лице без важечка патна исправа или качи лице со патна исправа надвор од граничниот премин (член 21);

11) лице кое при преминувањето на државната граница не ќе ги пријави на надлежниот орган оружјето или муницијата што ги носи со себе (членови 23 до 27);

12) лице кое без одборение изнесува од Република Македонија оружје и муниција кога за изнесување на оружје и муниција е потребно одобрение (членови 24 и 25);

13) лице кое ќе пренесе или ќе се обиде да пренесе оружје или муниција преку граничниот премин отворен за пограничен сообраќај, освен ако е тоа определено со меѓународен договор (член 31);

14) лице кое се движи и престојува во граничниот појас без дозвола (член 32 став 1 и член 33 став 1);

15) лице кое во граничниот појас се движи ноќе надвор од населените места или јавните патишта (член 36);

16) лице кое лови или рибари во граничниот појас без дозвола за движење и престој во граничниот појас (член 37 став 1);

17) лице кое при движењето и престојот во граничниот појас не се придржува кон одредбите на меѓународните договори што го регулираат режимот на границата (член 58);

18) лице кое ќе се насели во граничниот појас без одобрение (член 41 став 2);

19) лице кое ќе изгради објект во граничниот појас или на подрачјето на граничниот премин без одобрение (член 42 став 1);

20) заповедникот на пловен објект, ако качи или симне лице надвор од граничниот премин отворен за меѓународен сообраќај (член 50);

21) заповедникот на пловен објект ако веднаш на Министерството за внатрешни работи не му го пријави симнувањето на лица од пловниот објект кој поради виша сила застанал во пристаниште што не е отворено за меѓународен сообраќај (член 51 став 1);

22) заповедникот на пловен објект во меѓународниот сообраќај ако пловниот објект без одобрение од Министерството за внатрешни работи застане надвор од определениот езерски граничен премин, освен во случај на виша сила (член 51 став 2) и

23) сопственикот, односно корисникот на јахта или чамец наменети за разонода или спорт, ако без одобрение крстосува или се задржува во езерата на кои се врши меѓународна пловидба (член 52 став 1).

За прекршоците од став 1 точка 11 и 13 на овој член, покрај паричната казна или казната затвор, може да се изрече и заштитна мерка одземање на оружјето и муницијата."

Член 3

Во членот 67 зборовите: „8.000 до 20.000 денари" се заменуваат со зборовите: „една до две плати".

Член 4

Во членот 68 зборовите: „5.000 денари" се заменуваат со зборовите: „една половина плата".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**339.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-815/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СФРЈ" број 50/88, 80/89, 29/90 и 11/91) кој согласно со членот 5 став

1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички, во член 1 запирката после зборот „сообраќајот" се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Во членот 2 ставовите 1 и 2 зборовите: „Општествено-политичките заедници" се заменуваат со зборовите: „Републиката, градот Скопје и општините", зборот „самоуправни" се брише а зборовите: „општествено-политичките организации и други општествени организации" се заменуваат со зборовите: „политичките партии".

Член 3

Во членот 4 ставовите 2, 3 и 4, членот 5 ставовите 1 и 3, членот 6 и членот 7 ставовите 1 и 2 зборовите: „самоуправни организации односно заедници" се заменуваат со зборовите: „правни лица".

Член 4

Во членот 8 став 3 зборовите: „самоуправни организации и органите" се заменуваат со зборовите: „правни лица"

Член 5

Во членот 10 став 1 точка 5 зборовите: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Република Македонија".

Во точката 6 зборовите: „главните градови" се заменуваат со зборот: „градовите" и зборовите: „Републиките или на автономните покраини" се заменуваат со зборовите: „Република Македонија".

Во точката 7 зборовите: „или автономна покраина" и „или за автономната покраина" се бришат.

Член 6

Во членот 16 став 2 зборовите: „надлежните органи во републиките" се заменуваат со зборовите: „надлежниот орган во Републиката".

Член 7

Во членот 18 став 2 зборовите: „Сојузниот извршен совет" се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Македонија".

Член 8

Во членот 24 став 2 зборот: „сојузен" се брише.

Член 9

Во членот 124 став 1 и во членот 125 став 5 зборовите: „припадници на милицијата" се заменуваат со зборот: „полицајци".

Член 10

Во членот 160 ставовите 2, 3 и 4 зборовите: „организацијата за одржување на патишта или друга овластена организација" се заменуваат со зборовите: „претпријатието за одржување на патишта или друго овластено претпријатие".

Член 11

Во членот 171 став 4 зборовите: „Сојузниот секретар за народна одбрана во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи и со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските" се заменуваат со зборовите: „Министерот за одбрана во спогодба со министерот за внатрешни работи и со министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Член 12

Во членот 173 став 2 зборовите: „надлежниот орган во републиката" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 13

Во членот 182 став 5 зборовите: „надлежниот орган во републиката" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 14

Во членот 188 став 3 зборот „самоуправен" се брише.

Член 15

Во членот 192 став 2 после зборот „републиката" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 16

Во членот 195 став 2 точка 2 и во член 223 став 2 зборовите: „организација на здружен труд" се заменуваат со зборот „претпријатие".

Член 17

Во членот 202 зборовите: „сојузниот секретар за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана".

Член 18

Во членот 221 став 1 зборовите: „45.000 до 450.000 динари" се заменуваат со зборовите: „100 до 200 плати".

Во став 2 зборовите „2.500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „седум до десет плати".

Член 19

Во членот 222 став 1 зборовите: 2.500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „50 до 80 плати".

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „седум до дванаесет плати" а зборовите: „општествено-политичката заедница" се заменуваат со зборовите: „Републиката, градот Скопје и општините".

Член 20

Во членот 223 став 1 зборовите: 1.500 до 20.000 динари" се заменуваат со зборовите: „30 до 60 плати".

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „200 до 1200 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати" а зборовите: „општествено-политичката заедница" се заменуваат со зборовите: „Републиката, градот Скопје и општините".

Член 21

Во членот 224 став 1 зборовите: 2500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати".

Во став 2 зборовите: „3000 до 25.500 динари" се заменуваат со зборовите: „седум до петнаесет плати".

Член 22

Во членот 225 став 1 зборовите: 2500 до 20.000 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати".

Во став 2 зборовите: „3.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „седум до петнаесет плати".

Член 23

Во членот 226 став 1 зборовите: 400 до 2.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една до две плати".

Во став 3 зборовите: „500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една ипол до две ипол плати".

Член 24

Во членот 227 став 1 зборовите: 250 до 1.500 дина-

ри" се заменуваат со зборовите: „три четвртини од плата до една плата и три четвртини од плата".

Во точката 24 зборовите: „на здружен труд" се бришат.

Во став 2 зборовите: „400 до 2.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една до две ипол плати".

Член 25

Во членот 228 став 1 зборовите: 200 динари" се заменуваат со зборовите: „три четвртини од плата".

Во став 2 зборовите: „400 до 2.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една плата до една ипол плата".

Член 26

Во членот 229 став 1 зборовите: „150 динари" се заменуваат со зборовите: „две третини од плата".

Во став 2 зборовите: „200 до 1.200 динари" се заменуваат со зборовите: „три четвртини од плата до една плата и една третина од плата".

Член 27

Во членот 230 став 1 зборовите: „100 динари" се заменуваат со зборовите: „една половина од плата".

Во став 2 зборовите: „300 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „две третини од плата до една плата".

Член 28

Во членот 231 став 1 зборовите: „50 динари" се заменуваат со зборовите: „една третина од плата".

Во став 2 зборовите: „100 до 300 динари" се заменуваат со зборовите: „една половина од плата до три четвртини од плата".

Член 29

Во членот 238 зборот „југословенските" се заменува со зборот „републичките".

Член 30

Во членот 242 ставовите 1, 3 и 5 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот и врските" се заменуваат со зборовите: „Министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Во став 1 точка 1 и во ставовите 4 и 5 зборовите: „Сојузниот секретар за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана".

Во став 1 точките 2 и 3 ставовите 2 и 3 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи" се заменува со зборовите: „министерот за внатрешни работи".

Во став 1 точка 3 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на стопанството" се заменуваат со зборовите: „министерот за стопанство".

Во став 1 точка 4 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот, здравството и социјалната заштита" се заменуваат со зборовите: „министерот за труд и социјална политика".

Во став 1 точка 5 зборовите: „Стопанската комора на Југославија" се заменуваат со зборовите: „Стопанската комора на Македонија".

Во став 1 точка 6 зборовите: „по претходно прибавено мислење од Сојузот на самоуправните интересни заедници за патишта на Југославија" се бришат.

Член 31

Во целиот текст на Законот зборовите: „односно во автономната покраина" се бришат.

Член 32

Во целиот текст на Законот зборот „Југославија" се заменува со зборовите: „Република Македонија".

Член 33

Во целиот текст на Законот зборовите: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Република Македонија".

Член 34

Во целиот текст на Законот зборовите: „вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Одбраната на Република Македонија".

Член 35

Во целиот текст на Законот зборовите: „органите за внатрешни работи", „органот за внатрешни работи" и „надлежниот орган за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 36

Во целиот текст на Законот зборовите: „здравственото претпријатие" се заменуваат со зборовите: „здравствената организација".

Член 37

Во целиот текст на Законот зборовите: „Југословенската народна армија" се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Македонија".

Член 38

Во целиот текст на Законот зборот „југословенска" се заменува со зборот „македонска".

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**340.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-814/-1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" број 21/84, 31/84 и 32/84 и „Службен весник на Република Македонија" број 55/91) во членот 2 став 1 зборовите: „општествено-

-политичките организации и другите општествени организации“ се заменуваат со зборовите: „политичките партии“.

Член 2

Во членот 66 зборовите: „надлежниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 3

Во членот 119 став 1 кратенката „СФРЈ“ и во членот 132 став 3 зборот „Југославија се заменуваат со зборовите: „Република Македонија“.

Член 4

Во членот 132 став 1 зборовите: „организацијата на здружениот труд од областа на насоченото образование“ и во членот 142 зборовите: „организациите на здружениот труд од насоченото образование“ се заменуваат со зборовите: „образовната организација“, односно „образовните организации“.

Член 5

Во членот 229 став 3 зборовите: „на соодветната општествено-политичка заедница“ се бришат.

Член 6

Во членот 2 став 1 зборовите: „општествено-политичките заедници“, во членот 237 став 3 и во членот 238 став 3 зборовите: „општествено-политичка заедница“ се заменуваат со зборовите: „Република Македонија, градот Скопје и општините“.

Член 7

Во членот 236 став 1 зборовите: „10.000 до 400.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „100 до 200 плати“.

Во став 2 зборовите: „2.000 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „седум до десет плати“.

Член 8

Во членот 237 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 80 плати“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „седум до дванаесет плати“.

Член 9

Во членот 238 став 1 зборовите: „2.000 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 60 плати“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „500 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати.

Член 10

Во членот 239 став 1 зборовите: „1.000 до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „седум до петнаесет плати“.

Член 11

Во членот 240 став 1 зборовите: „500 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Во став 2 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „една и пол до две и пол плати“.

Член 12

Во членот 241 став 1 зборовите: „400 до 1.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „три четвртини од плата до една плата и три четвртини од плата“.

Во став 2 зборовите: „500 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 13

Во членот 242 став 1 зборовите: „450 динари“ се заменуваат со зборовите: „три четвртини од плата“

Во став 2 зборовите: „400 до 1.800 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до една и пол плата“.

Член 14

Во членот 243 став 1 зборовите: „400 динари“ се заменуваат со зборовите: „две третини од плата“

Во став 2 зборовите: „300 до 1.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „три четвртини од една плата и една третина од плата“.

Член 15

Во членот 244 став 1 зборовите: „350 динари“ се заменуваат со зборовите: „една половина плата“

Во став 2 зборовите: „250 до 1.200 динари“ се заменуваат со зборовите: „две третини од плата до една плата.

Член 16

Во членот 245 став 1 зборовите: „300 динари“ се заменуваат со зборовите: „една третина од плата“

Во став 2 зборовите: „200 до 1.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една половина од плата до три четвртини од плата“.

Член 17

Во целиот текст на Законот зборовите: „организацијата“, „организацијата на здружениот труд“, „организацијата на здружениот труд и друга организација“, „организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и нивните здруженија“, „организација на здружениот труд или друга самоуправна организација и заедница“, „организација на здружениот труд или друга организација“ во различен член и број се заменуваат со зборовите: „претпријатие“, „претпријатие и друго правно лице“ и „претпријатие или друго правно лице“ во соодветен член и број.

Член 18

Во целиот текст на Законот зборовите: „работниците на милицијата“ и „милицијата“ во различен член и број се заменуваат со зборот „полицијата„ во соодветен член и број.

Член 19

Во целиот текст на Законот зборовите „вооружените сили на СФРЈ“ се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Македонија“.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**341.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-823/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Член 1

Во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен весник на СРМ" број 15/76, 51/88 и 19/90) во членот 1 став 2 зборовите: „Југословенската народна армија" се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Македонија".

Член 2

Во членот 6 став 2 зборот: „југословенски" се брише.

Член 3

Во членот 12 став 2 по зборот „работи" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 4

Во членот 22 став 1 запирката по зборот: „работи" се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Во членот 23 зборот „организација" се заменува со зборот „претпријатието".

Член 6

Во членот 28 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати", а зборовите: „организација на здружениот труд" се заменуваат со зборот „претпријатие".

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „десет до петнаесет плати".

Во ставот 3 по зборовите: „државен орган" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 7

Во членот 29 зборовите: „500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една половина до две плати", а зборот „поединец" се заменува со зборовите: „физичко лице".

Член 8

Во членот 30 зборовите: „републичкиот секретар за внатрешни работи", „републичкиот секретар за индустрија и трговија" и „републичкиот секретар за урбанизам, станбени и комунални прашања" се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи", „министерот за стопанство" и „министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Член 9

Членот 31 се брише.

Член 10

Во целиот текст на Законот зборовите: „надлежниот орган за внатрешни работи", „органот за внатрешни работи", „општинскиот орган за внатрешни работи", „Републичкиот секретаријат за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**342.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-822/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за заштита од експлозивни материи „Службен весник на СРМ" број 4/78, 1078, 51/88, и 36/90) во членот 7 став 1 зборовите: „вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „одбраната на Република Македонија".

Член 2

Во член 9 став 2, член 42 и член 67 став 1 точки 1 и 11 зборот „самоуправен" се брише.

Член 3

Во член 12 зборовите: „организации на здружен труд од областа на образованието" се заменуваат со зборовите: „образовни организации", а зборовите: „општонародната одбрана" се заменуваат со зборот: „одбраната".

Член 4

Во член 18 и член 53 зборовите: „Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања" се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Член 5

Членот 32 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи е должно посредно или непосредно да го следи превозот на експлозивните материи и во секое време да ја знае приближно неговата позиција, а по потреба и да му обезбеди полициска придружба за поминување низ населени места или делови од јавните патишта со поинтензивен сообраќај."

Член 6

Во член 33 став 2 зборот „Социјалистичка" пред зборовите „Република Македонија" се брише.

Член 7

Во член 58 зборовите: „општински орган на управата надлежен за урбанизам" се заменуваат со зборо-

вите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Член 8

Во членовите 20, 55, 59 и 72 став 1 зборовите: „Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија" се заменуваат со зборовите: „Министерството за стопанство".

Член 9

Во член 63 зборовите: „вршат општинските органи на управата надлежни за внатрешни работи „се заменуваат со зборовите: „врши Министерството за внатрешни работи".

Член 10

Во член 66 ставови 1 и 3 зборовите: „Републички Секретаријат за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија".

Член 11

Во член 67 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати".

Во став 2 зборовите: „600 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати".

Член 12

Во член 68 став 1 зборовите: „2.000 до 20.000 динари" се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати".

Во став 2 зборовите: „500 до 2.000 динари" се заменуваат со зборовите: „три до десет плати".

Член 13

Во член 69 зборовите: „600 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „една до две плати".

Член 14

Во член 70 став 1 зборовите: „припадниците на милиција" се заменуваат со зборот: „полицајците".

Во став 3 зборовите: „народната одбрана" се заменуваат со зборот „одбраната", а зборот „општествена" се заменува со зборот „државна".

Член 15

Во целиот текст на Законот зборовите: „Републичкиот секретаријат за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи", а зборовите: „Републичкиот секретаријат за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „Министерството за одбрана".

Член 16

Во целиот текст на Законот зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 17

Во целиот текст на Законот зборовите: „организациите на здружениот труд" и „организацијата" во различен член и број се заменуваат со зборовите: „претпријатијата" во соодветен член и број.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**343.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕН ВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Се прогласува Законот за изменување на Закон за заштита од пожари,

што Собранието на Република Македонија го д несе на седницата одржана на 26 февруари 1993 годин

Број 08-817/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Република
Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТ ОД ПОЖАРИ

Член 1

Во Законот за заштита од пожари („Службен ве ник на СРМ" број 43/86, 37/87 51/88 и 36/90) во члени вите 1, 4, 50, 54, 55 и 60 зборовите: „работните луѓе граѓаните" се заменуваат со зборот „граѓаните".

Член 2

Во ченот 6 став 6 и членот 13 став 3 зборовит „Републичкиот секретаријат" се заменуваат со збор вите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 3

Во членовите 12, 33, 78 и 95 точка 21 зборот „југ словенски" се брише.

Член 4

Членот 17 став 1 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи по издав њето на согласност на проектот за заштита од пожа во текот на градба на инвестиционот објект врши на зор над спроведувањето на мерките за заштита од п жари предвидени во проектот".

Член 5

Во членот 26 став 3 зборовите: „функционерот општинскиот орган на управата надлежен за вн трешни работи" се заменуваат со зборовите: „минист рот за внатрешни работи".

Член 6

Во членот 28 став 3 зборовите: „Претседателот Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство водостопанство" се заменуваат со зборовите: „Мин стерот за земјоделство, шумарство и водостопанство"

Член 7

Во членот 37 став 1 зборовите: „самоуправни органи" се заменуваат со зборот „органите", а збор „самоуправниот" се брише.

Член 8

Членот 38 став 1 се менува и гласи:

„Претпријатијата и другите правни лица и држа ните органи, заради заштита на имотот со кој распол гаат, го користат или управуваат, должни се да го ос гураат од уништување и оштетување од пожари и ек плозија".

Член 9

Во членот 53 став 3 и членот 103 зборот „Социјал стичка" се брише.

Член 10

Во членот 59 став 2 зборовите: „станица на милиција“ се заменуваат со зборовите: „полициска станица“.

Член 11

Во членовите 61 и 67 зборовите: „Извршниот совет на Собранието на СРМ“ се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Македонија“.

Член 12

Во членот 72 зборовите: „вршат органите на управата надлежни за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите“ „врши Министерството за внатрешни работи“.

Член 13

Членот 73 се брише.

Член 14

Во член 74 став 2 се брише.

Во став 3, кој станува став 2, зборовите: „во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи“ се бришат.

Член 15

Во членот 77 став 3 зборовите: „Републички секретаријат за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија“.

Член 16

Во членот 82 став 2 зборовите: „Извршните совети“ се заменуваат со зборовите: „извршните органи“.

Член 17

Во членот 83 зборовите: „вршат соодветните органи на управата надлежни за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „врши Министерството за внатрешни работи“.

Член 18

Во членот 85 став 1 точка 6 зборот „народна“ се брише, а во точка 7 зборовите: „самоуправно спогодување“ се заменуваат со зборот „договарање“.

Член 19

Во членот 87 став 1 и членот 90 зборовите: „Извршниот совет“ се заменуваат со зборовите: „извршниот орган“.

Член 20

Во членот 94 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Во ставот 3 зборовите: „1.000 до 15.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „десет до петнаесет плати“.

Член 21

Во членот 95 став 1 зборовите: „200 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“.

Во ставот 2 зборовите: „500 до 2.000 динари“ се заменуват со зборовите „три до осум плати“.

Во ставот 3 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до дванаесет плати“.

Член 22

Во членот 96 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две плати“.

Член 23

Во членот 97 зборовите: „600 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Член 24

Во членот 98 став 1 зборовите: „300 динари“ се заменуваат со зборовите: „една половина плата“.

Член 25

Во целиот текст на Законот зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи“, „органот на управата надлежен за внатрешни работи“ и „органите на управата надлежни за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 26

Во целиот текст на Законот зборовите: „Општествено-политичките заедници“ се заменуваат со зборовите: „Република Македонија, град Скопје и општините“.

Член 27

Во целиот текст на Законот зборовите: „општествено-политиките организации, општествени организации“ се заменуваат со зборовите: „политичките партии, здруженија на граѓаните“.

Член 28

Во целиот текст на Законот зборовите: „републичкиот секретар за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи“.

Член 29

Во целиот текст на Законот зборовите: „организацијата“, „организацијата на здружен труд“, односно „организациите“, „организациите на здружениот труд“, „организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници“ се заменуваат со зборовите: „претпријатието или друго правно лице“; односно „претпријатијата или други правни лица“.

Член 30

Во целиот текст на Законот зборовите: „граѓаните и работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните“ и „работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните“ се заменуваат со зборовите: „лицата кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните“.

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**344.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за прометот на експлозивните материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-816/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**,с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за прометот на експлозивните материи („Службен лист на СФРЈ" број 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно со член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички, во членот 1 став 2 зборовите: „вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „одбраната на Република Македонија", а зборовите „организации на здружен труд" се заменуваат со зборот „претпријатија".

Член 2

Во членот 4 став 1 зборовите: „односно во автономна покраина на чија територија имаат седиште" се бришат.

Член 3

Во членот 5 зборот „самоуправни" се брише.

Член 4

Во членот 8 став 2 зборот „југословенски" се брише.

Член 5

Во членот 11 став 1 зборовите: „специјализираната организација на здружен труд или друга организација" се заменуваат со зборовите: „специјализирано претпријатие или друго правно лице".

Во ставовите 1 и 4 и во член 24 став 4 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи", а зборовите: „тој функционер" се заменуваат со зборот „министерот".

Во членот 11 ставот 3 се брише.

Член 6

Во членот 13 став 2 зборовите: „Службен лист на СФРЈ" се заменуваат со зборовите: „Службен весник на Република Македонија".

Член 7

Во членот 14 ставот 3 се брише.

Член 8

Во членот 24 став 2 зборовите: „надлежниот орган во републиката" се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија".

Во членот 4 зборовите: „сојузниот секретар за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана".

Член 9

Во членот 32 зборовите: „вршат надлежните органи во републиката" се заменуваат со зборовите: „врши Министерството за внатрешни работи".

Член 10

Во членот 33 зборовите: „органот од член 32 на овој закон" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 11

Во членот 34 став 1 зборовите: „120.000 до 450.000 динари", се заменуваат со зборовите „100 до 250 плати".

Во став 2 зборовите: 1.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати".

Во став 3 зборовите: „1.000 до 25.000" се заменуваат со зборовите: „седум до десет плати".

Член 12

Во членот 35 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати".

Во став 1 точка 1 зборот „самоуправни" се брише.

Во став 2 зборовите: „500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати".

Член 13

Во членот 36 ставот 1 зборовите: „1.500 до 20.000 динари" се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати".

Во став 2 зборовите: „200 до 1.500 динари" се заменуваат со зборовите: „три до дванаесет плати".

Член 14

Во членот 37 зборовите: „400 до 2.000 динари" се заменуваат со зборовите: „една до две ипол плати", а зборот „поединец" се заменува со зборовите: „физичко лице".

Член 15

Во членот 38 став 1 зборовите: „3.000 динари" се заменуваат со зборовите: „осум плати".

Член 16

Во членот 4 став 1, членот 7 став 2, членот 15 став 2, членот 17 став 3, членот 21 став 2, членот 22 став 3, членот 24 став 3, членот 35 став 1 точки 7 и 10 зборовите: „надлежниот орган во Републиката", односно „надлежниот орган" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 17

Во членот 7 став 2, членот 15 став 2, членот 21 став 2, членот 22 став 3, членот 24 ставови 2 и 3, членот 32 и членот 35 став 1 точки 7 и 10 зборовите: „односно во автономната покраина" се бришат.

Член 18

Во членот 10 ставови 1 и 3 и членот 34 став 1 точка 3 зборовите: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија" се заменуваат со зборовите: „Република Македонија".

Член 19

Во членот 10 став 1 и членот 13 зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи".

Член 20

Во членот 31, членот 35 став 1 точка 16 и членот 37 став 1 точка 5 зборовите: „станица на милицијата" се заменуваат со зборовите: „полициска станица".

Член 21

Во целиот текст на Законот зборовите: „организација на здружен труд", „организацијата на здружен труд", „организации на здружен труд" и „организациите на здружен труд" се заменуваат со зборовите: „Претпријатие", „претпријатието", „претпријатија" и „претпријатијата".

Член 22

Во целиот текст на Законот зборовите: „организации на здружен труд и на други организации", „организации на здружен труд или други организации", „организациите на здружен труд, други организации" и „организација на здружен труд или на друга организација" се заменуваат со зборовите: „претпријатија или други правни лица", „претпријатијата или другите правни лица" и „претпријатие или друго правно лице".

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**345.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за превозот на опасни материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-821/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за превозот на опасни материи („Службен лист на СФРЈ“ број 27/90 и 45/90) во членот 18 и членот 113 став 1 точка 10 зборовите. „во луките и“ и „во лука и“, се бришат.

Член 2

Во членот 34 став 1 зборовите: „еден од јазиците на народите во Југославија“ се заменуват со зборовите: „македонски јазик“.

Ставот 2 се брише.

Член 3

Во членот 41 ставот 2 се менува и гласи:

„Одобрение за превоз на експлозивни материи во внатрешниот сообраќај, како и за превоз преку границата или за минување низ територијата на Република Македонија (увоз, извоз и транзит), издава Министерството за внатрешни работи“.

Член 4

Во членот 43 став 1 и членот 59 став 3 зборовите: „придружба на припадник на милицијата“ и „придружба на припадници на милицијата“ се заменуваат со зборовите: „полициска придружба“.

Ставот 2 се брише.

Член 5

Во членот 50 став 2 зборовите: „југословенскиот стандард“ се заменуваат со зборовите: „пропишаниот стандард“, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

Во членот 52 став 2 зборовите: „надлежниот орган во Републиката“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за здравство, во согласност со Министерството за внатрешни работи“, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 7

Во членот 53 став 1 зборовите: „Органот надлежен“, „може“ и „нареди“ се заменуваат со зборовите: „Органите надлежни“, „можат“ и „наредат“

Ставот 3 се брише.

Член 8

Во членот 59 став 2 се менува и гласи:

„Одобрение за превоз на радиоактивни материи издава Министерството за здравство во согласност со Министерството за внатрешни работи“.

Член 9

Во членот 71 став 6 зборовите „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „министерот за здравство“

Член 10

Во членот 85 став 3 се брише.

Член 11

Членот 91 се брише

Член 12

Во дел IV „Посебни мерки на безбедност за превоз на опасни материи, по гранки на сообраќајот“ точка 4: „Превоз во поморскиот сообраќај“ и членовите: 93, 94, 95 и 96 се бришат

Член 13

Во членот 105 зборовите „Сојузниот орган на управата надлежен за работа на цивилната воздушна пловидба“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 14

Во членот 109 став 1 зборовите „органи на управата во републиките“ се заменуваат со зборот: „Министерства“, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 15

Членовите 110 и 111 се бришат

Член 16

Во членот 112 став 1 зборовите „органи во Републиката“ се заменуваат со зборот: „министерства“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Методологијата за начинот на формирање на базата на податоци за опасните материи ја пропишува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за здравство и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, а на предлог од комисија образувана од претставници на надлежните министерства“.

Член 17

Во членот 113 став 1 зборовите „4.500 до 45.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“, а точката 42 се брише

Во точката 25 зборовите: „според југословенскиот стандард“ се заменуваат со зборовите „според пропишаниот стандард“, а зборовите до заградата се бришат

Во став 2 зборовите „1 000 до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „десет до петнаесет плати“, а зборовите: „организацијата на здружен труд“ се заменуваат со зборот: „претпријатието“.

Член 18

Во членот 114 став 1 зборовите: „4 000 до 40.000

динари“ се заменуваат со зборовите: „40 до 80 плати“.

Во став 2 зборовите: „800 до 8.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „десет до четиринаесет плати“.

Член 19

Во членот 115 став 1 зборовите: „3.500 до 35.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „35 до 70 плати“.

Во став 2 зборовите: „600 до 6.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „осум до дванаесет плати“.

Член 20

Во членот 116 по зборовите: „личен труд“ се додаваат зборовите: „односно со личен труд“, а зборовите: „4.500 до 45.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „десет до петнаесет плати“.

Член 21

Во членот 117 зборовите: „1.000 до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две ипол плати“, а зборот „поединец“ се заменува со зборовите: „физичко лице“.

Член 22

Во членовите: 5 став 3, 18, 28 став 2, 32 став 3, 40, 60 став 3, 71 став 5, 78 став 3 и 112 став 1 зборовите: „односно во автономната покраина“, „односно надлежниот орган во автономната покраина“ се бришат.

Член 23

Во членовите: 9 став 1, 41 став 3, 52 став 3 и 59 став 5 зборовите: „вооружените сили на СФРЈ“ се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Македонија“.

Член 24

Во членовите: 28 став 1, 42 став 2 точка 10, 44, 51 ставовите 1 и 2, 61 став 2 точките 1 и 8, 104 став 1, 109 став 3, 113 став 1 точка 14, 115 став 1 точка 21 и 117 став 1 точка 6 зборовите: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ се заменуваат со зборовите: „Република Македонија“.

Член 25

Во целиот текст на Законот, зборовите: „Сојузниот секретаријат за народна одбрана“, „Сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи“, „Сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи“, „Сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството“, „Сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските“, „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи“, „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на здравството“ и „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за одбрана“, „Министерството за надворешни работи“, „Министерството за внатрешни работи“, „Министерството за здравство“, „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“, „министерот за внатрешни работи“, „министерот за здравство“ и „министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 26

Во целиот текст на Законот, зборовите: „станица на милицијата“, „милиција“ и „милицијата“ се заменуваат со зборовите: „полициска станица“, „полиција“ и „полицијата“.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**346.**

Врз основа на член 45, став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 38/90), Владата на Република Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА КОРИСТЕНИ СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА

1. Средствата од Постојаната резерва на Република Македонија користени од општините во 1992 година, во вкупен износ од 187.676.000 денари, одобрени од страна на Владата на Република Македонија, а кои не се вратени во определениот рок, се трансформираат во неповратни средства и тоа на:

| | | |
|---|---|---|
| – Општина Берово | 11.334.000 | денари |
| – Општина М. Брод | 9.965.000 | “ |
| – Општина Валандово | 7.415.000 | “ |
| – Општина Виница | 12.254.000 | “ |
| – Општина Дебар | 9.300.000 | “ |
| – Општина Делчево | 6.150.000 | “ |
| – Општина Демир Хисар | 8.578.000 | “ |
| – Општина Кавадарци | 1.250.000 | “ |
| – Општина Кичево | 13.109.000 | “ |
| – Општина Кочани | 13.570.000 | “ |
| – Општина Кратово | 4.141.000 | “ |
| – Општина Крива Паланка | 10.523.000 | “ |
| – Општина Крушево | 4.156.000 | “ |
| – Општина Неготино | 6.670.000 | “ |
| – Општина Прилеп | 5.000.000 | “ |
| – Општина Пробиштип | 7.475.000 | “ |
| – Општина Радовиш | 4.536.000 | “ |
| – Општина Ресен | 6.860.000 | “ |
| – Општина Св. Николе | 9.800.000 | “ |
| – Општина Струга | 5.000.000 | “ |
| – Општина Титов Велес | 14.400.000 | “ |
| – Општина Штип | 16.190.000 | “ |
| Вкупно: | 187.676.000 | “ |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-515/1
1 март 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**347.**

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на РМ“, бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88 и 38/91), Владата на Република Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАМЕНА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

1. Да се изврши замена на земјиште што претставува КП бр. 94/4 во површина од 2554 $m^2$ КО Злокуќани поранешна сопственост на Петар Љотиќ и Бранко Лотиќ за земјиште што претставува КП бр. 1495 во површина од 2554 $m^2$ КО Шишево со кое располага Република Македонија.

2. Замената на земјиштето од точката 1 на оваа Одлука да се изврши по пат на порамнување во управна постапка.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-314/1
1 март 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

348

Врз основа на член 6 во врска со член 9 од Законот за организацијата и работењето на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови („Службен весник на РМ" бр. 19/79), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИЈА СО СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ВО ЗАТВОРОТ ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Се основа посебна организација со стопанска дејност во Затворот Гевгелија.

### I. НАЗИВ, ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 2

Посебната организација со стопанска дејност како фирма ќе работи под назив „ТОПЛИК 93".

Член 3

Седиштето на фирмата се наоѓа во Гевгелија.

### II. ДЕЈНОСТ НА ПОСЕБНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 4

Посебната организација ќе ги врши стопанските дејности од:

012321 – производство на амбалажа од дрво
012322 – производство на градежни елементи од дрво
012323 – производство на финални производи од пластика
011315 – производство на заковни клинци, вијаци и други жичани стоки
0123 – производство на финални производи од дрво
02012, 020120 – овоштарство
02011, 02011 – земјоделство, цвеќарство
02014, 02014 – сточарство
07012 – трговија на мало со непрехранбени производи
07011 – трговија на мало со прехранбени производи
07013 – трговија на мало со мешовити стоки
07021 – трговија на големо со прехранбени производи
070250 – трговија на големо со мешовити стоки
09012 – изработка и поправка на метални производи
090121 – поправка и одржување на возила

### III. ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ И ПОЧЕТОК СО РАБОТА

Член 5

Средства за основање и почеток со работа на посебната организација со стопанска дејност ги обезбедува основачот без обврска за враќање кои изнесуваат:

– градежен објект во габарит во површина од 16м$^2$ овозможува адаптација на било каква работилница, магацин и

– земјоделско земјиште во површина од три (3) ха (овозможува одгледување на насад од овоштарник и разни градинарски култури).

– Агрегат ТАМ-2900 со испумпување на вода од 2.000 м$^2$ во минута, култиватори два, марка хонда.

– Мини свињарска фарма со површина од 120 м$^2$ (со 100 свињи маторици и подмладок).

Член 6

За обврските што ги презема посебната организација во правниот промет одговара основачот до висина на вложените средства.

Член 7

Подготвителните дејствија до уписот на конституирањето на посебната организација со стопанска дејност во судскиот регистар, како и другите овластувања ќе ги врши Ратко Стојков – Управител на Затворот Гевгелија.

Член 8

Посебната организација со стопанска дејност ќе се конституира во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за основање, а ќе почне со работа по уписот во судскиот регистар.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-397/1
22 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

349

Врз основа на член 6 во врска со член 9 од Законот за организацијата и работењето на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови („Службен весник на РМ" бр. 19/79), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИЈА СО СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ВО ЗАТВОРОТ ШТИП СО ОТВОРЕНОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СТРУМИЦА

Член 1

Се основа посебна организација со стопанска дејност во Затворот Штип со отвореното одделение во Струмица.

### I. НАЗИВ, ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 2

Посебната организација со стопанска дејност како фирма ќе работи под називот „Сончогледи".

Член 3

Седиштето на фирмата се наоѓа во Штип.

Член 4

Во состав на посебната организација со стопанска дејност ќе работи и посебната единица во отвореното одделение во Струмица.

### II. ДЕЈНОСТА НА ПОСЕБНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 5

Посебната организација ќе ги врши стопанските дејности:

020110 – поледелство
020120 – овоштарство
020140 – сточарство

07011 – трговија на мало со прехранбени производи
07012 – трговија на мало со непрехранбени производи
07013 – трговија на мало со мешовити стоки
07021 – трговија на големо со прехранбени производи
07022 – трговија на големо со непрехранбени производи
070250 – трговија на големо со мешовити стоки
08012 – угостителски дејности на исхрана
09012 – изработка и поправка на метални производи
090121 – поправка и одржување на друмски возила
01194 – преработка на пластични маси

## III. ИЗНОС НА СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЊЕ И ПОЧЕТОК СО РАБОТА

Член 6

Средствата за основање и почеток со работа на посебната организација со стопанска дејност ги обезбедува основачот, без обврска за враќање, кои изнесуваат:

– градежни објекти во вкупна површина од 663 $м^2$ (работилница, канцеларија, авто сервис, магазински простор, фарма, деловен простор во град под закуп);

– земјоделско земјиште со површина од 31,5 ха,

– опрема (компресор, балансер, машина за местење на гуми, пегла за гуми, машина за перење возила, двостубна дигалка, дигалка за извлекување на хаварисани возила, апарат за заварување со боци),

– возила во возниот парк и приклучна опрема (трактор ИМТ-3, приколка за трактор – 3, плуг – 2, мотокултиватор – 1, тањирача – 1, родосеалка – 1, фреза – 2, агрегат за наводнување, тракторска приколка – 1, цевки за наводнување 500 метри, млин, мотори за наводнување – 2, брана тракторска, рачна прскалка),

– свињарска фарма и краварска штала (свињи маторици 17, прасиња 35, телиња женски 2, теле машко 1, кокошки 50).

Член 7

За обврските кои ги презема посебната организација во правниот промет одговара основачот до висина на вложените средства.

Член 8

Подготвителните дејствија до уписот на конституирањето на посебната организација со стопанска дејност во судскиот регистар, како и другите овластувања ќе ги врши Миланчо Успрцов – управител на Затворот Штип со отвореното одделение во Струмица.

Член 9

Посебната организација со стопанска дејност ќе се конституира во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за основање а ќе почне со работа по уписот во судскиот регистар.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-397/2
22 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**350.**

Врз основа на член 6 во врска со член 9 од Законот за организацијата и работењето на посебните организации и единици со стопанска дејност во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови („Службен весник на СРМ" бр. 19/79), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИЈА СО СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ВО ЗАТВОРОТ БИТОЛА СО ОТВОРЕНОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ПРИЛЕП

Член 1

Се основа посебна организација со стопанска дејност во Затворот Битола со отворено одделение во Прилеп.

## I. НАЗИВ, ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 2

Посебната организација со стопанска дејност како фирма ќе работи под називот „Прогрес".

Член 3

Седиштето на фирмата се наоѓа во Битола.

Член 4

Во состав на Посебната организација со стопанска дејност ќе работи и посебната единица во отвореното одделение во Прилеп.

## II. ДЕЈНОСТА НА ПОСЕБНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 5

Посебната организација ќе ги врши следните стопански дејности:

011313 – производство на алат
011313 – производство на клинци, заковки, вијаци и друга жичана стока
011319 – производство на друг метален репродукционен материјал
011320 – производство на метални градежни и други конструкции
011390 – производство на стоки за широка потрошувачка и други метални производи
012142 – производство на префабрикувани градежни елементи
012201 – производство на режана граѓа
012310 – призводство на мебел од дрво
012321 – производство на амбалажа од дрво
012322 – производство на градежни елементи од дрво
012323 – производство на галантерија од дрво и плута
020110 – поледелство
020120 – овоштарство
020130 – сточарство
050302 – завршни занаетчиски работи во градежништвото
060502 – превоз на стоки во друмскиот сообраќај
07011 – трговија на мало со прехранбени производи
07012 – трговија на мало со непрехранбени производи
07013 – трговија на мало со мешовити стоки
07021 – трговија на големо со непрехранбени производи
07023 – трговија на големо со прехранбени производи
07022 – трговија на големо со мешовити стоки
090121 – поправка и одржување на друмски возила
090123 – изработка на разновидни метални производи

090140 – изработка и поправка на производи од дрво
090182 – изработка и поправка на ортопедски помагала
090202 – перење, чистење и боење престички и облека

**Надворешна трговија**

070310 – надворешна трговија со прехранбени производи
070320 – надворешна трговија со непрехранбени производи

## III. ИЗНОС НА СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЊЕ И ПОЧЕТОК СО РАБОТА

Член 6

Средствата за основање и почеток со работа на посебната организација со стопанска дејност ги обезбедува основачот без обврска за враќање и изнесуваат:

- хала со површина од 400 $м^2$
- земјоделско земјиште со вкупна површина од 15,30 ха.
- една свињарска фарма со 15 маторици и 2 нерези и една свињарска фарма во изградба
- машина за режење на обла граѓа, повеќелисен циркулар, кратилица, 2 столарски машини-комбинирки, машина за ламперија, рачна моторна пила, апарат за лепење пили, апарат за оштрење пили, швајц-апарат, вилушкар за трактор, мешалица за бетон, машина за перење, машина за сушење, центрифуга, машина за перење теписони, две приколки за трактор – кипери, два мотокултиватори, тракторска прскалка, редосеалки за сончоглед и жито, ѓубрерастурачка, три дрлачи, два плугови, три моторни пумпи за вода, електричен млин и друга опрема,
- возила, товарно возило „Застава“ од 2,7 т., трактор ИМТ-539 и два трактори ИМТ-542.

Член 7

За обврските што ги презема посебната организација во правниот промет одговара основачот до висината на вложените средства.

Член 8

Подготвителните дејствија до уписот на конституирањето на посебната организација со стопанска дејност во судскиот регистар, како и другите овластувања ги врши Божиновски Дане, управител на Затворот Битола со отворено одделение во Прилеп.

Член 9

Посебната организација ќе се конституира во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за основање, а ќе почне со работа по уписот во судскиот регистар.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-397/3
22 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**351.**

Врз основа на член 8, 20 и 26 од Уредбата на издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен весник на РМ“, бр. 11/93), Владата на Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО И ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА СЕЛИДБЕНИ ТРОШОЦИ ШТО НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА И УПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

1. Највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство (и за издатоците за селидбени трошоци) што на органите на управата и управните организации им се признаваат во материјални трошоци, при службено патување во одделни странски земји изнесуваат:

| Реден број | Држава | Износ на дневницата |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Република Авганистан | |
| | – за местото: | |
| | – Кабул | 96 САД долари |
| | – за другите места | 58 САД долари |
| 2. | Република Албанија | |
| | – за сите места: | 32 САД долари |
| 3. | Демократска Народна Република Алжир | |
| | – за местата: | |
| | – Алжир, Оран и Анаба | 92 САД долари |
| | – за другите места | 60 САД долари |
| 4. | Народна Република Ангола | |
| | – за местата: | |
| | – Луанда | 122 САД долари |
| | – за другите места | 50 САД долари |
| 5. | Република Аргентина | |
| | – за местата: | |
| | – Буенос Аирес | 95 САД долари |
| | – Барилохе | 77 САД долари |
| | – Мендоса и Мардел Плата | 69 САД долари |
| | – за другите места | 56 САД долари |
| 6. | Австралија | |
| | – за местата: | |
| | – Сиднеј | 104 Австралиски долари |
| | – за другите места | 88 Австралиски долари |
| 7. | Република Австрија | |
| | – за сите места | 1280 Австр. шилинзи |
| 8. | Држава Бахреин | |
| | – за сите места | 82 САД долари |
| 9. | Народна Република Бангладеш | |
| | – за местата: | |
| | – Дака | 90 САД долари |
| | – Читагонг | 64 САД долари |
| | – за другите места | 12 САД долари |
| 10. | Кралството Белгија | |
| | – за сите места | 5200 белг. франци |
| 11. | Народна Република Бенин | |
| | – за местата: | |
| | – Котон | 98 САД долари |
| | – за другите места | 45 САД долари |
| 12. | Република Боливија | |
| | – за местата: | |
| | – Санта Круз и Ла Паз | 60 САД долари |
| | – за другите места | 29 САД долари |
| 13. | Република Боцвана | |
| | – за местата: | |
| | – Габерон и Маун | 87 САД долари |
| | – за другите места | 49 САД долари |
| 14. | Република Босна и Херцеговина | |
| | – за сите места | 32 САД долари |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 15. | Федеративна Република Бразил | |
| | - за местата: | |
| | - Рио де Женеиро, Сан Луис, Сан Паоло, Ресифе, Белем, Манаунс, Амапа, Бело Хоризонте, Салвадор, Кампинас, Бразилија, Флоријанополис и Кутритиба | 94 САД долари |
| | - за другите места | 72 САД долари |
| 16. | Република Бугарија | |
| | - за сите места | 32 САД долари |
| 17. | Република Бурунди | |
| | - за местата: | |
| | - Буџамбура | 99 САД долари |
| | - за другите места | 50 САД долари |
| 18. | Буркина Фасо | |
| | - за местата: | |
| | - Уагадугу | 126 САД долари |
| | - Бобо-Диуласо | 84 САД долари |
| | - за другите места | 62 САД долари |
| 19. | Република на Брегот на Слоновата Коска | |
| | - за местата: | |
| | - Абиџан | 112 САД долари |
| | - Јамусокро | 124 САД долари |
| | - Корхого, Буака и Сан Педре | 82 САД долари |
| | - за другите места | 66 САД долари |
| 20. | Соединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска | |
| | - за местото: | |
| | - Лондон | 84 англ. фунти |
| | - за другите места | 64 англ. фунти |
| 21. | Република Венецуела | |
| | - за местата: | |
| | - Исла де Моргарита | 111 САД долари |
| | - Пуерто ла Круз, Беленција и Каракас | 79 САД долари |
| | - за другите места | 44 САД долари |
| 22. | Социјалистичка Република Виетнам | |
| | - за местото: | |
| | - Ханој | 54 САД долари |
| | - за другите места | 33 САД долари |
| 23. | Република Гана | |
| | - за местата: | |
| | - Акра | 97 САД долари |
| | - Кумаси, Такоради и Тамале | 60 САД долари |
| | - за другите места | 34 САД долари |
| 24. | Република Грција | |
| | - за местата: | |
| | - Атина | 64 САД долари |
| | - за другите места | 48 САД долари |
| 25. | Кооперативна Република Гвајана | |
| | - за местата: | |
| | - Џорџтаун | 128 САД долари |
| | - Бербисе | 24 САД долари |
| | - за другите места | 13 САД долари |
| 26. | Република Гватемала | |
| | - за местата: | |
| | - Гватемала Сити | 72 САД долари |
| | - за другите места | 33 САД долари |
| 27. | Република Гвинеја | |
| | - за местата: | |
| | - Конакри | 124 САД долари |
| | - за другите места | 24 САД долари |
| 28. | Република Гвинеја Бисао | |
| | - за местата: | |
| | - Бисао | 84 САД долари |
| | - за другите | 22 САД долари |
| 29. | Сојузна Република Германија | |
| | - за сите места: | 144 герман. марки |
| 30. | Република Габон | |
| | - за местата: | |
| | Либервил и Порт Жантил | 142 САД долари |
| | - Ламбарен | 120 САД долари |
| | - Франсвил и Ојем | 104 САД долари |
| | - за другите места | 84 САД долари |
| 31. | Кралство Данска | |
| | - за сите места | 936 дански круни |
| 32. | Доминиканска Република | |
| | - за местата: | |
| | - Санта Доминго и Пуерто Плата | 80 САД долари |
| | - Сантиаго и Самана | 54 САД долари |
| | - за другите места | 43 САД долари |
| 33. | Кралство Етиопија | |
| | - за местата: | |
| | - Адис Абеба | 79 САД долари |
| | - за другите места | 38 САД долари |
| 34. | Арапска Република Египет | |
| | - за местата: | |
| | - Каиро | 94 САД долари |
| | - Асуан, Александрија и Луксор | 86 САД долари |
| | - за другите места | 54 САД долари |
| 35. | Република Еквадор | |
| | - за местата: | |
| | - Кито и Квајкил | 57 САД долари |
| | - Киенса | 36 САД долари |
| | - за другите места | 30 САД долари |
| 36. | Република Екваторијална Гвинеја | |
| | - за местата: | |
| | - Малабо | 96 САД долари |
| | - Бата | 92 САД долари |
| | - за другите места | 59 САД долари |
| 37. | Република Заир: | |
| | - за местата: | |
| | - Киншаса | 88 САД долари |
| | - Лубумбаши | 107 САД долари |
| | - за другите места | 47 САД долари |
| 38. | Република Замбија | |
| | - за местата: | |
| | - Лусака | 104 САД долари |
| | - Ндола и Ливингстон | 88 САД долари |
| | - Кивке | 76 САД долари |
| | - за другите места | 25 САД долари |
| 39. | Република Зимбабве | |
| | - за местото: | |
| | - Хараре | 92 САД долари |
| | - за другите места | 75 САД долари |
| 40. | Заедница на независни држави | |
| | - за местата: | |
| | - Москва, Киев, Минкс и Кишињев | 96 САД долари |
| | - за другите места | 70 САД долари |
| 40-а | Република Литванија | |
| | - за сите места | 96 САД долари |
| 40-б | Република Летонија | |
| | - за сите места | 96 САД долари |
| 40-в | Република Естонија | |
| | - за сите места | 96 САД долари |
| 40-г | Република Грузија | |
| | - за сите места | 96 САД долари |
| 41. | Република Индија | |
| | - за местата: | |
| | - Калкута | 128 САД долари |
| | - Бомбај, Мадрас, Њу Делхи и Удаипур | 78 САД долари |
| | - за другите места | 48 САД долари |
| 42. | Република Индонезија | |
| | - за местата: | |
| | - Џакарта и Бали | 101 САД долари |
| | - за другите места | 60 САД долари |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 43. | Исламска Република Иран | |
| | – за местото: | |
| | – Техеран | 104 САД долари |
| | – за другите места | 136 САД долари |
| 44. | Република Ирак | |
| | – за сите места | 104 САД долари |
| 45. | Ирска | |
| | – за сите места | 70 англиски фунти |
| 46. | Република Исланд | |
| | – за сите места | 86 САД долари |
| 47. | Република Италија | |
| | – за местата: | |
| | – Фиренца | 176.000 итал. лири |
| | – Рим и Торино | 136.000 итал. лири |
| | – Венеција и Милано | 152.000 итал. лири |
| | – за другите места | 120.000 итал. лири |
| 48. | Држава Израел | |
| | – за местата: | |
| | – Тел Авив | 117 САД долари |
| | – Ерусалим | 74 САД долари |
| | – Тибриз | 99 САД долари |
| | – Хаифа | 88 САД долари |
| | – за другите места | 55 САД долари |
| 49. | Јамајка | |
| | – за сите места | 96 САД долари |
| 50. | Јапонија | |
| | – за местата: | |
| | – Токио, Јокохама и Осака | 190 САД долари |
| | – Кјото и Кобе | 135 САД долари |
| | – Фукока и Сапоро | 153 САД долари |
| | – за другите места | 104 САД долари |
| 51. | Република Јемен | |
| | – за сите места: | |
| | – Сана | 119 САД долари |
| | – Аден | 80 САД долари |
| | – за другите места | 36 САД долари |
| 52. | Хашемитско Кралство Јордан | |
| | – за местата: | |
| | – Аман | 87 САД долари |
| | – Ерусалим | 74 САД долари |
| | – за другите места | 34 САД долари |
| 53. | Сојузна Република Југославија | |
| | – за сите места | 32 САД долари |
| 54. | Република Камерун | |
| | – за местата | |
| | – Јуанде | 143 САД долари |
| | – Маруа | 101 САД долари |
| | – Нгаундере, Баменда, Бертуа и Дуала Гаруа | 119 САД долари |
| | – за другите места | 74 САД долари |
| 55. | Канада | |
| | – за местата: | |
| | – Отава, Монтреал и Ванкувер | 80 САД долари |
| | – Торонто | 96 САД долари |
| | – за другите места | 64 САД долари |
| 56. | Држава Катар | |
| | – за сите места | 98 САД долари |
| 57. | Република Кенија | |
| | – за местата: | |
| | – Ламу | 106 САД долари |
| | – Најроби и Момбаса | 80 САД долари |
| | – Наиваша | 73 САД долари |
| | – Баринго, Ниери и Малинди | 45 САД долари |
| | – за другите места | 38 САД долари |
| 58. | Народна Република Кина | |
| | – за местата: | |
| | – Пекинг и Шангај | 86 САД долари |
| | – за другите места | 50 САД долари |
| 59. | Република Кипар | |
| | – за сите места | 63 САД долари |
| 60. | Република Кампучија | |
| | – за сите места | 46 САД долари |
| 61. | Република Колумбија | |
| | – за местата: | |
| | – Картагена, Кали и Богота | 78 САД долари |
| | – Баранкиља Медељин | 70 САД долари |
| | – Сан Андрес | 67 САД долари |
| | – за другите места | 48 САД долари |
| 62. | Народна Република Конго | |
| | – за местата: | |
| | – Бразавил | 140 САД долари |
| | – Поент Хоар | 127 САД долари |
| | – Лубомбо | 118 САД долари |
| | – за другите места | 70 САД долари |
| 63. | Демократска Народна Република Кореја | |
| | – за местата: | |
| | – Пјонг Јанг | 94 САД долари |
| | – за другите места | 60 САД долари |
| 64. | Република Кореја | |
| | – за местата: | |
| | – Сеул, Кјунгју и Островото Чеју | 144 САД долари |
| | – за другите места: | 96 САД долари |
| 65. | Република Костарика | |
| | – за местото: | |
| | – Сан Хозе | 110 САД долари |
| | – за другите места | 46 САД долари |
| 66. | Република Куба | |
| | – за местото: | |
| | – Хавана | 69 САД долари |
| | – за другите места | 48 САД долари |
| 67. | Држава Кувајт | |
| | – за сите места | 112 САД долари |
| 68. | Демократска Народна Република Лаос | |
| | –за сите места | 48 САД долари |
| 69. | Кралство Лесото | |
| | – за местото: | |
| | – Масеру | 58 САД долари |
| | – за другите места | 38 САД долари |
| 70. | Република Либан | |
| | – за местото: | |
| | – Бејрут | 47 САД долари |
| | – за другите места | 26 САД долари |
| 71. | Република Либерија | |
| | – за местото: | |
| | – Монровија | 150 САД долари |
| | – за другите места | 52 САД долари |
| 72. | Голема Социјалистичка Народна Арапска Либиска Џамахирија | |
| | – за местата: | |
| | – Триполи | 142 САД долари |
| | – Бенгази | 90 САД долари |
| | – за другите места | 69 САД долари |
| 73. | Велико Војводство Луксембург | |
| | – за сите места | 4.000 белг. франци |
| 74. | Демократска Република Мадагаскар | |
| | – за местата: | |
| | – Тананарива | 86 САД долари |
| | – Носу–бе | 55 САД долари |
| | – за другите места | 30 САД долари |
| 75. | Република Малави | |
| | – за местата: | |
| | – Блантир | 75 САД долари |
| | – Лилонгве | 67 САД долари |
| | – за другите места | 63 САД долари |
| 76. | Малезија | |
| | – за местата: | |
| | – Куала Лумпур | 87 САД долари |
| | – Кота Кинабалу и Пенанг | 82 САД долари |
| | – за другите места | 42 САД долари |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 77. | Република Мали | |
| | – за местата: | |
| | – Бамако | 34 САД долари |
| | – Тимбукту и Мопти | 118 САД долари |
| | – за другите места | 58 САД долари |
| 78. | Република Малта | |
| | – за сите места | 105 САД долари |
| 79. | Кралство Мароко | |
| | – за сите места | 80 САД долари |
| 80. | Исламска Република Мавританија | |
| | – за местата: | |
| | – Нуакшкот | 83 САД долари |
| | – за другите места | 50 САД долари |
| 81. | Соединети Држави на Мексико | |
| | – за местата: | |
| | – Икстапа и Захватанејо | 120 САД долари |
| | – Мексико Сити, Гвадалахара, Монтереј и Акапулко | 102 САД долари |
| | – за другите места | 52 САД долари |
| 82. | Република Монголија | |
| | – за местото: | |
| | – Улан Батор | 115 САД долари |
| | – за другите места | 45 САД долари |
| 83. | Народна Република Мозамбик | |
| | – за местото: | |
| | – Мапуто | 89 САД долари |
| | – за другите места | 40 САД долари |
| 84. | Мјанмарска Унија | |
| | – за местата: | |
| | – Рангун | 86 САД долари |
| | – Мандалај и Таунги | 83 САД долари |
| | – Паган и Сандовеј | 73 САД долари |
| | – за другите места | 58 САД долари |
| 85. | Кралство Непал | |
| | – за местата: | |
| | – Катманду | 82 САД долари |
| | – Покхара | 48 САД долари |
| | – за другите места | 26 САД долари |
| 86. | Република Нигер | |
| | – за местото: | |
| | – Ниамеј | 136 САД долари |
| | – за другите места | 56 САД долари |
| 87. | Федеративна Република Нигерија | |
| | – за местата: | |
| | – Лагос и Абуја | 120 САД долари |
| | – за другите места | 36 САД долари |
| 88. | Република Никарагва | |
| | – за местото: | |
| | – Манагва | 120 САД долари |
| | – за другите места | 60 САД долари |
| 89. | Кралство Норвешка | |
| | – за сите места | 824 норв. круни |
| 90. | Нов Зеланд | |
| | – за сите места | 96 САД долари |
| 91. | Република Намибија | |
| | – за местото: | |
| | – Виндхук | 89 САД долари |
| | – за другите места | 57 САД долари |
| 92. | Султанат Оман | |
| | – за местата: | |
| | – Мускат и Салалах | 112САД долари |
| | – Низва | 86 САД долари |
| | – за другите места | 62 САД долари |
| 93 | Исламска Република Пакистан | |
| | – за местата: | |
| | – Исламабад | 71 САД долари |
| | – Карачи и Равалпинди | 56 САД долари |
| | – Лахор | 48 САД долари |
| | – Пешавар | 60 САД долари |
| | – за другите места | 38 САД долари |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 94. | Република Панама | |
| | – за местата: | |
| | – Бамбито и Контадора Исланд | 106 САД долари |
| | – Панама Сити | 86 САД долари |
| | – Колон | 77 САД долари |
| | – за другите места | 47 САД долари |
| 95. | Папуа Нова Гвинеја | |
| | – за местата: | |
| | – Лас | 144 САД долари |
| | – Порт Морезби | 118 САД долари |
| | – за другите места | 54 САД долари |
| 96. | Република Парагвај | |
| | – за местото: | |
| | – Асансион | 50 САД долари |
| | – за другите места | 23 САД долари |
| 97. | Република Перу | |
| | – за местата: | |
| | – Лима | 90 САД долари |
| | – Куско и Икитос | 76 САД долари |
| | – за другите места | 41 САД долари |
| 98. | Република Полска | |
| | – за сите места | 68 САД долари |
| 99. | Заедница Порторико | |
| | – за сите места | 75 САД долари |
| 100. | Република Португал | |
| | – за сите места | 96 САД долари |
| 101. | Република Руанда | |
| | – за местата: | |
| | – Кигали | 107 САД долари |
| | – Гисенеј | 86 САД долари |
| | – Габиро | 66 САД долари |
| | – за другите места | 56 САД долари |
| 102. | Романија | |
| | – за местото: | |
| | – Букурешт | 120 САД долари |
| | – за другите места | 94 САД долари |
| 103. | Соединетите Американски Држави | |
| | – за местата: | |
| | – Њујорк | 124 САД долари |
| | – Вашингтон | 100 САД долари |
| | – за другите места | 78 САД долари |
| 104. | Кралство Саудиска Арабија | |
| | – за местата: | |
| | – Риад, Ал Абха и Адинах Мунара | 128 САД долари |
| | – Ал Кхобар, Даран, Даман и Џеда | 109 САД долари |
| | – за другите места | 89 САД долари |
| 105. | Република Сенегал | |
| | – за местото: | |
| | – Дакар | 123 САД долари |
| | – за други места | 87 САД долари |
| 106. | Демократска Република Судан | |
| | – за местата: | |
| | – Картум | 100 САД долари |
| | – Порт Судан Сенар и Елобгионд Медани | 38 САД долари |
| | – за други места | 23 САД долари |
| 107. | Република Словенија | |
| | – за сите места | 32 САД долари |
| 108. | Република Салвадор | |
| | – за местата: | |
| | – Сан Салвадор | 79 САД долари |
| | – за другите места | 30 САД долари |
| 109. | Демократска Република Сао Томе и Принципе | |
| | – за сите места | 110 САД долари |
| 110. | Република Сејшели | |
| | – за сите места | 124 САД долари |
| 111. | Република Сиера Леоне | |
| | – за местото: | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | – Фритуан | 96 САД долари |
| | – за другите места | 22 САД долари |
| 112. | Република Сингапур | |
| | – за сите места | 151 САД долари |
| 113. | Арапска Република Сирија | |
| | – за местата: | |
| | – Палмира, Дамаск и Деир Езор | 120 САД долари |
| | – Латанија | 88 САД долари |
| | – Алепо | 72 САД долари |
| | – за другите места | 43 САД долари |
| 114. | Република Словачка | |
| | – за сите места | 94 САД долари |
| 115. | Демократска Република Сомалија | |
| | – за местата: | |
| | – Барбера | 55 САД долари |
| | – Могадиш | 62 САД долари |
| | – Хергесиа | 36 САД долари |
| | – за другите места | 17 САД долари |
| 116. | Соединети Арапски Емирати | |
| | – за местата: | |
| | – Дубаи | 114 САД долари |
| | – Ал Аин и Абу Даби (ОАЕ) | 106 САД долари |
| | – за другите места | 94 САД долари |
| 117. | Република Суринам | |
| | – за сите места | 113 САД долари |
| 118. | Кралство Тајланд | |
| | – за местото: | |
| | – Бангког | 80 САД долари |
| | – за другите места | 23 САД долари |
| 119. | Соединета Република Танзанија | |
| | – за местата: | |
| | – Дар ес Салам | 79 САД долари |
| | – Занзибар | 64 САД долари |
| | – Аруша и Танга | 70 САД долари |
| | – за другите места | 45 САД долари |
| 120. | Република Того | |
| | – за местата: | |
| | – Ломе | 115 САД долари |
| | – Кара | 95 САД долари |
| | – за другите места | 48 САД долари |
| 121. | Тајван | 88 САД долари |
| 122. | Република Тринидад и Тобаго | |
| | – за местата: | |
| | – Порт оф Спен | 74 САД долари |
| | – Тобаго | 90 САД долари |
| 123. | Република Тунис | |
| | – за местото: | |
| | – Тунис | 68 САД долари |
| | – за другите места | 57 САД долари |
| 124. | Република Турција | |
| | – за местата: | |
| | – Истанбул | 98 САД долари |
| | – Анкара, Измир и Бурса | 87 САД долари |
| | – Адана | 68 САД долари |
| | – за другите места | 60 САД долари |
| 125. | Република Уганда | |
| | – за местото: | |
| | – Кампала | 104 САД долари |
| | – за другите места | 52 САД долари |
| 126. | Република Уганда | |
| | – за сите места | 88 САД долари |
| 127. | Република Филипини | |
| | – за местата: | |
| | – Манила | 94 САД долари |
| | – Давао, Багио, Калаџан Цебу, Ладаг, Таклобан, Банау и Тернате | 70 САД долари |
| | – за другите места | 34 САД долари |
| 128. | Република Финска | |
| | – за сите места | 148 САД долари |
| 129. | Република Франција | |
| | – за местата | |
| | – Париз | 648 француски франци |
| | – за другите места | 568 француски франци |
| 130. | Република Хаити | |
| | – за местото | |
| | – Порт Пренс | 60 САД долари |
| | – за другите места | 64 САД долари |
| 131. | Кралство Холандија | |
| | – за сите места | 288 холандски флорин |
| 132. | Република Хондурас | |
| | – за местата | |
| | – Тегусигалпа | 78 САД долари |
| | – Сан Федро Сула | 48 САД долари |
| | – за другите места | 32 САД долари |
| 133. | Хонг Конг | |
| | – за сите места | 114 САД долари |
| 134. | Република Хрватска | |
| | – за сите места | 32 САД долари |
| 135. | Централна Африканска Република | |
| | – за местата: | |
| | – Банги | 130 САД долари |
| | – за другите места | 62 САД долари |
| 136. | Република Чад | |
| | – за местата: | |
| | – Нџамена | 120 САД долари |
| | – Сарх | 80 САД долари |
| | – за другите места | 42 САД долари |
| 137. | Република Чиле | |
| | – за сите места | 88 САД долари |
| 138. | Република Чешка | |
| | – за сите места | 94 САД долари |
| 139. | Република Џибути | |
| | – за местата: | |
| | – Џибути | 109 САД долари |
| | – Таџурах | 66 САД долари |
| | – за другите места | 52 САД долари |
| 140. | Шпанија | |
| | – за местата: | |
| | – Мадрид и Барцелона | 120 САД долари |
| | – за другите места | 88 САД долари |
| 141. | Демократска Социјалистичка Република Шри Ланка | |
| | – за местото: | |
| | – Коломбо | 57 САД долари |
| | – за другите места | 20 САД долари |
| 142. | Швајцарска Конфедерација | |
| | – за сите места | 160 швајцарски франци |
| 143. | Кралство Шведска | |
| | – за местата: | |
| | – Стокхолм | 880 шведски круни |
| | – Малме | 880 шведски круни |
| | – Гетеборг | 656 шведски круни |
| | – за другите места | 560 шведски круни |
| 144. | Сите други држави | |
| | – за сите места | 43 САД долари |

2. Издатоците за пакување на покуќнината при селидбата на лице од странство се признаваат во паушален износ, и тоа:

а) ако лицето се сели со членовите на семејството и ги испраќа предметите со брод или авион – во валута на земјата на службувањето од која се сели во износ од 400 САД долари, пресметано по текуштиот курс што важи во времето на селидбата во земјата од која се сели или во денари по враќањето на лицето во земјата, пресметани на денот на предавањето на пресметката на трошоците од член 28 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидба во странство што на орга-

ните на управата и организациите им се признаваат во материјални трошоци;

б) ако лицето се сели со членовите на семејството и ги испраќа предметите со железница или со камион – во валута на земјата на службувањето од која се сели во износ од 500 САД долари, пресметано по текуштиот курс што важи во времето на селидбата во земјата од која се сели или во денари по враќањето на лицето во земјата, пресметани на денот на предавањето на пресметката на трошоците;

в) ако лицето се сели со членовите на семејството и предметите ги испраќа експресно со железница со исто превозно средство со кое патува („митгепек") или со сопствен автомобил – во валута на земјата од која се сели во износ од 300 САД долари, пресметано по текуштиот курс што важи во времето на селидбата во земјата од која се сели, или во денари по враќањето на лицето во земјата, пресметани на денот на предавањето на пресметката на трошоците;

г) ако лицето се сели без членовите на семејството, му се признаваат 50% од паушалниот надомест под а), б) и в) на оваа точка – во валута на земјата од која се сели, пресметано по текуштиот курс што важи во времето на селидбата во земјата од која се сели, или во денари по враќањето на лицето во земјата, пресметани на денот на предавањето на пресметката на трошоците.

3. Ако работникот со семејството ги преселува предметите од Република Македонија му се признаваат во паушален износ трошоците на пакувањето на селидбените предмети под исти услови предвидени во точка 2, пресметани во денари по официјалниот курс на денот на пресметката на паушалот.

4. Издатоците за осигурување на предметите кај македонските осигурителни заводи што при селидбата се испраќаат од РМ во странство или од странство во РМ, се признаваат до следниот износ и тоа:

– ако лицето се сели со членовите на семејството – вредност на предметите од 5.000 САД долари, пресметано во денари на денот на селидбата;

– ако лицето се сели без членовите на семејството – вредност на предметите до 2.500 САД долари, пресметано во денари на денот на селидбата.

5. Издатоци за превоз на лицето што работи во странска држава со тешки климатски услови и на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар и деца) за доаѓање на одмор во Република Македонија и за враќање во странската земја и се признаваат за следните земји:

– Народна Република Ангола, Народна Република Бангладеш, Република Боливија, Мјанмарска Унија, Централна Африканска Република, Република Гана Република Габон, Република Гвајана, Република Гвинеја, Република Индија, Република Индонезија, Република Ирак, Социјалистичка Етиопија, Демократска Народна Република Јемен, Народна Република Конго, Држава Кувајт, Малезија, Република Мали, Народна Република Мозамбик, Федеративна Република Никарагва, Исламска Република Пакистан, Демократска Република Сомалија, Демократска Република Судан, Демократска Социјалистичка Република Шри Ланка, Обединета Република Танзанија, Кралството Тајланд, Социјалистичка Република Виетнам, Република Заир, Намибија, Абу Даби, Сенегал, Авганистан, Филипини и Панама.

6. Ова решение се применува на службените патувања и селидбите во странство што започнуваат на денот на влегувањето во сила на ова решение.

7. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што на републичките органи на управата и на управните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен весник на СРМ", број 4/84 и 30/84).

8. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3732/3
22 февруари 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**352.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 1. VII 1986 година) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Бегниште, со вкупна површина од 1 476 ха, 90 ари, 64 $м^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. III 1993 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-759/1
22 февруари 1993 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Христов Коста,** с.р.

---

**353.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 1. VII 1986 година) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Цепиште, со вкупна површина од 341 ха, 89 ари, 04 $м^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. III 1993 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижности се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-759/1
22 февруари 1993 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Христов Коста,** с.р.

---

**354.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 1. VII 1986 година) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Отишани, со вкупна површина од 848 ха, 50 ари, 27 $м^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. III 1993 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижности се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-759/1
22 февруари 1993 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Христов Коста,** с.р.

**355.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на СРМ" бр. 27 од 1. VII 1986 година) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарската општина Егри, со вкупна површина од 2 208 ха, 95 ари, 71 $м^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. III 1993 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижности се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 10-759/1
22 февруари 1993 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Христов Коста,** с.р.

---

**356.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 112 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 20 јануари 1993 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ одлуките за дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на град Гостивар, донесени од Извршниот одбор за вршење на работите на Собранието на Општината Гостивар на 4 јануари и 13 февруари 1992 година.

2. Оваа Одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во „Службен гласник на Општина Гостивар".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијативата на Наталија Јаневска од Гостивар, со Решение У.бр. 90/92 од 11 ноември 1992 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуките означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 32 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

4. На седницата Судот утврди дека во означените одлуки е определено дека се донесени по претходна согласност на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија бр. 08 - 492 од 9 декември 1991 година. Понатаму, Судот утврди дека претходната согласност од Министерството е дадена за Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на град Гостивар од 18 декември 1991 година, а не и за наведените одлуки.

Според член 32 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/85, 18/89 и 38/90) урбанистичките планови, пред донесувањето, задолжително се доставуваат до републичкиот орган на управата надлежен за работите на урбанизмот на согласност заради оценка на нивната меѓусебна усогласеност, како и усогласеноста со просторните планови и со одредбите на овој закон. Според член 37 став 2 од Законот, измените и дополнувањата на урбанистичките планови се вршат на начин и во постапка како за нивното донесување.

Со оглед на тоа што на означените одлуки за дополнување на Одлуката за измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план не е дадена согласност од Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, Судот оцени дека не се во согласност со означените законски одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

5. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот м-р Јордан Арсов и судиите Бранка Циривири - Антоновска, Ариф Арифи, Димитрис Димишковски, д-р Филип Лазарески, Братољуб Раичковиќ, д-р Фиданчо Стоев и Вера Терзиева Тројачанец.

У. бр. 90/92
20 јануари 1993 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
**м-р Јордан Арсов,** с.р.

---

# ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**9.**

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22.02.1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕСЕЧНО НИВО НА ПЕНЗИИТЕ НА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Во Одлуката за определување месечно ниво на пензиите на посебни категории осигуреници („Службен весник на РМ" бр. 66/92 и 83/92) во член 1 по зборовите:

„за 2/12. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,0960",

се додаваат зборовите:

„за 1/12. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1,9361".

Член 2

Во член 2 зборовите „31 октомври" се заменуваат со зборовите „30 ноември".

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-389
22 февруари 1993 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Владо Додевски,** с.р.,

---

**10.**

Врз основа на чл. 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 февруари 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ НА НИВО НА ПЛАТИТЕ ОД 1992 ГОДИНА

Член 1

Платите остварени од 1966 до 1992 година кои се земаат за утврдување на пензиската основа се пресме-

туваат спрема платите од 1992 година како последна календарска година која ѝ претходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија, со валоризационите коефициенти кои се пресметуваат врз основа на статистичките податоци за движењето на платите на сите вработени на територијата на Републиката и тоа:

| ГОДИНА | КОЕФИЦИЕНТИ |
|---|---|
| 1966 | 1.078.845,50 |
| 1967 | 929,005,85 |
| 1968 | 847.253,33 |
| 1969 | 755.576,69 |
| 1970 | 642.507,58 |
| 1971 | 536.236,29 |
| 1972 | 448.757,06 |
| 1973 | 385.816,64 |
| 1974 | 299.735,85 |
| 1075 | 242.349,35 |
| 1976 | 213.952,86 |
| 1977 | 182.650,19 |
| 1978 | 150.756,82 |
| 1979 | 126.330,02 |
| 1980 | 104.017,02 |
| 1981 | 78.897,44 |
| 1982 | 60.860,07 |
| 1983 | 48.407,10 |
| 1984 | 35.337,56 |
| 1985 | 21.458,14 |
| 1986 | 10.724,00 |
| 1987 | 5.324,31 |
| 1988 | 1.978,59 |
| 1989 | 111,87 |
| 1990 | 19,93 |
| 1991 | 10,81 |
| 1992 | 1,00 |

Член 2

Пензиите пресметани според член 1 на ова одлука се сведуваат од просечно на месечно ниво со процент од 85,80% што претставува соодност на нивото на просечната плата од ноември 1992 година и просечната плата за 1992 година.

Со процентот од став 1 на овој член на месечно ниво се сведуваат и паричните надоместоци од инвалидското осигурување врз основа на преостанатата работна способност.

Процентот од став 1 на овој член ќе се применува и на посебните категории осигуреници на кои пензијата е определена од просечните плати остварени од 1 јануари 1992 до 31 декември 1992 година.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1993 година.

Бр 08-391
22 февруари 1993 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Владо Додевски, с.р.**

**11.**

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/88, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Сл. весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА**

1. Пензиите и паричните надоместоци во врска со преквалификација или доквалификација на соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок за вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој за јануари 1993 година се усогласуваат за 13,49%.

2. Со процентот определен со ова решение за јануари 1993 година ќе се усогласат паричниот надоместок за телесно оштетување и надоместокот за помош и нега.

3. Пензиите и другите парични надоместоци за месец февруари 1993 година ќе се исплатуваат како аконтации во висина на достигнатото ниво на пензиите за јануари 1993 година.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 02-405
24 февруари 1993 година
Скопје

В.д. директор,
**Киро Зрмановски,** с.р.

**12.**

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Сл. весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА И НА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА**

1. Најнискиот износ на старосна пензија за јануари 1993 година се утврдува:

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 86.000,00 денари;

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 83.000,00 денари, и

– за корисници кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 80.000,00 денари.

2. Најнискиот износ на инвалидска пензија за јануари 1993 година се утврдува:

– за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена), во висина од 86.000,00 денари;

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 83.000,00 денари.

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 80.000,00 денари.

3. Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина на најнискиот износ на старосна односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

4. Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување додаток на пензијата за јануари 1993 година се определува во висина од 86.000,00 денари.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-406
24 февруари 1993 година
Скопје

В.д. директор,
**Киро Зрмановски, с.р.**

---

**13.**

Врз основа на член 110-а и 151-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ МИНИМАЛНИ СТАРОСНИ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА

1. Земјоделските минимални, старосни и семејни пензии за јануари 1993 година се утврдуваат во износ од 40.000,00 денари, што претставува 50% од височината на пензијата определена за корисниците од III група на најнизок износ на пензија.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 02-407
24 февруари 1993 година
Скопје

В.д. директор,
**Киро Зрмановски,** с.р.

---

**14.**

Врз основа на Одлуката за начинот и постапката за исплатата на пензиите и другите примања на воените осигуреници кои остануваат на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 33/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ ЗА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА

1. Пензиите на воените осигуреници за јануари 1993 година се усогласуваат за 13,49%.

2. Пензиите за февруари 1993 година ќе се исплатуваат како аконтации во висина на достигнатото ниво на пензиите за јануари 1993 година.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 02-408
24 февруари 1993 година
Скопје

В.д. директор,
**Киро Зрмановски,** с.р.

---

**15.**

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и 36/91), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвлидското осигурување на Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА

1. Надоместоците определени со Решението бр. 02-211 од 27.01.1993 година, за јануари 1993 година се усогласуваат со 13,49% и изнесуваат:

– надоместокот за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој заради стручно, односно работно оспособување и за преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот изнесува 52.943,00 денари месечно;

– надоместокот за вршење на преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот кога таа се врши во претпријатијата изнесува 13.063,00 денари, а кога се врши во заштитни организации и изнесува 14.718,00 денари месечно по корисник:

– кога преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот се врши во претпријатие надвор од местото на живеење на инвалидот, а сместувањето е обезбедено во интернат, надоместокот изнесува 29.297,00 денари месечно по корисник;

– за децата и младинците што се наоѓаат на стручно, односно работно оспособување и за инвалидите на трудот за време на преквалификација или доквалификација, а не се сместени во интернат надоместокот за топол оброк изнесува 9.694,00 денари месечно по корисник.

2. Износите определени со ова решение ќе се исплатуваат како аконтација за февруари 1993 година.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-410
24 февруари 1993 година
Скопје

В.д.директор,
**Киро Зрмановски,** с.р.

---

**16.**

Врз основа на член 6 од Спогодбата за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот 1991-1995 година, а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА ЗА ЈАНУАРИ 1993 ГОДИНА

1. Надоместокот, определен со решението бр. 02-210 од 27.01.1993 година, за јануари 1993 година се усогласува со 13,49% и изнесува 1.490.237,00 денари.

2. Износот определен со ова решение ќе се исплатува како аконтација за февруари 1993 година.

Бр. 02-409
24 февруари 1993 година
Скопје

В.в. директор,
**Киро Зрмановски,** с.р.

## РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**17.**

Врз основа на член 6 од Спогодбата за обезбедување на материјална основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот од 1991 до 1995 година („Сл. весник на СРМ“ број 21/91), Советот на Републичкиот завод за вработување, на седницата одржана на 26. 02. 1993 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува износот, начинот и постапката за одобрување на надоместокот за вработување на невработените инвалидни лица за 1993 година.

Член 2

Републичкиот завод за вработување се обврзува за секое вработено инвалидно лице согласно Спогодбата за обезбедување на материјална основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот 1991 - 1995 година, кое пред вработувањето е пријавено како невработено лице да одобри неповратни средства во висина од 200.000,00 денари.

Член 3

Републичкиот завод за вработување средствата за вработување на инвалидни лица ќе ги одобрува врз основа на поднесеното барање од организацијата, работодавачот односно лицето кое самостојно врши дејност со личен труд односно со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните кое содржи:

- број на инвалидни лица кои треба да бидат вработени,
- опис на работите и работните задачи на кои ќе бидат вработени;
- извод, оценка и мислење од комисијата за оценка на работната способност во случај кога инвалидното лице се вработува на работи и работни задачи за кои не е оспособено по пат на стручно односно работно оспособување;
- износот на неповратните средства за вработување на невработените инвалидни лица.

Член 4

За одобрените средства од член 2 на оваа одлука, Републичкиот завод за вработување склучува договор со организацијата, работодавачот која вработува инвалидни лица односно со инвалидното лице кое самостојно врши дејност со личен труд односно со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните.

Член 5

Пренесувањето на одобрените средства се врши по доставување на решението - одлуката за засновање работен однос на инвалидните лица на неопределено време, односно по доставувањето на актот за вршење на самостојна дејност од надлежниот орган.

Член 6

Доколку на инвалидното лице му престане работниот однос без оглед на причините во времето од 2 години сметано од денот на стапувањето на работа со договорот што се склучува во смисла на член 4 од оваа одлука, организацијата односно работодавачот е должна и се обврзува да прими во работен однос на неопределено време друго инвалидно лице без надоместок за вработување или да ги врати примените средства со камата по стапка што се плаќа на орочени средства во банката на 2 години.

Доколку инвалидното лице престане да ја врши дејноста по негова волја или вина, истото не може да се евидентира како невработено лице во Републичкиот завод за вработување за време од 2 години сметано од денот на престанокот на вршењето на дејноста.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1993 година.

Член 8

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 07 - 346/7
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател,
**Радмила Мадевска,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за присилно извршување, заведена под И.бр. 113/91, против должникот Александар Фотиу, ул. „Благоја Паровиќ“ бр. 72, Скопје, заради иселување од стан.

Се повикува должникот Александар Фотиу од Скопје да се јави во Општинскиот суд Скопје II - Скопје, - Извршно одделение во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или во наведениот рок да определи полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси пред овој суд. Во спротивно, судот ќе определи привремен застапник кој ќе ги застапува интересите на должникот.

Од Општински суд Скопје II - Скопје, И.бр. 113/91. (54)

### СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Ст. бр. 197/91 од 4. II. 1993 година отвори стечајна постапка и воедно истата е заклучена поради немање имот на должникот ЗЗ „Босилјанка“, с. Босилово, Струмица.

Решението можат да го напаѓаат доверителите со жалба во рок од 15 дена од објавувањето на огласот до Стопанскиот суд на Македонија.

Од Окружниот стопански суд во Штип. (292)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Ст. бр. 34/90 од 31. XII. 1992 година ја заклучи стечајната постапка над ЗЗ „Солун“ с. Сачево - Струмица. По правосилноста на решението, ЗЗ „Солун“, с. Сачево - Срумица ќе се брише од регистарот на претпријатијата.

Преостанатиот имот на ЗЗ „Солун“ с. Сачево - Струмица се отстапува на Републичкиот фонд за развој - Скопје. Решението може да го напаѓаат доверителите со жалба до Стопанскиот суд на Македонија во рок од 15 дена од објавувањето.

Од Окружниот стопански суд во Штип. (293)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Ст. бр. 4/93 од 9. II. 1993 година отвори стечајна постапка против должникот „11 Октомври Еуротурист“ - Прилеп.

За стечаен судија се определува Коста Споа, судија на овој суд. За стечаен управител се определува Орде Поповски од с. Кривогаштани Прилепско.

391456, издадени од Комерцијална банка А.Д. - Скопје на име Петко Саздовски, Скопје. (111)

Решение УП. бр. 12-324/2 од 21.I.1992 година, издадено од Секретаријатот за стопанство - Скопје на име Петре Груевски, Скопје. (112)

Решение бр. 14-3750 од 01.VII.1989 година на име Николиќ Оливера, за вршење дејност - промет на мало со животни намирници и предмети, Скопје. (113)

Одобрение за вршење на дејност со личен труд бр. 11-1281 од 14.III.1989 година на име Зоран Мирчевски, бул. „Ј. Сандански" бр. 93-II/4, Скопје. (114)

Решение бр. 14-4342 од 21.VIII.1992 година, издадено од Министерството за стопанство ПОЕ - Карпош - Скопје на име Василка Јаневска, Скопје. (115)

Решение бр. 14-6090 од 17.X.1991 година, издадено од Секретаријатот за стопанство Карпош - Скопје на име Љупчо Милошевски, Скопје. (116)

Возачка дозвола, издадена од ОВР - Валандово на име Мечов Аједин, с. Прстен, Валандово. (118)

Пасош бр. МД 066662 на име Великическа Јулија, ул. „Андреа Јовановски" бр. 17, Охрид. (150)

Пасош бр. МД 066667 на име Великическа Лидија, ул. „Андреа Јованоски" бр. 17, Охрид. (151)

Пасош бр. МБ 107726/84, издаден од СВР - Струга на име Кошаркоски Зоран, с. Вевчани, Струга. (152)

Пасош бр. МБ 269594, издаден од ОВР - Неготино на име Тодорова Вида, ул. „Владо Арсов - Шпанац" бр. 31, Неготино. (153)

Пасош бр. МБ 893365, издаден од ОВР - Неготино на име Тодоров Богдан, ул. „Владо Арсов - Шпанац" бр. 31, Неготино. (154)

Пасош бр. МБ 840950/90, издаден од УВР - Тетово на име Зилбеари Шевал, с. Копачин Дол, Тетово. (155)

Пасош бр. МБ 006312 на име Шукри Шерифи, Блок 82 У.Б. бр. 2, Тетово. (156)

Пасош бр. МБ 871749 на име Станисављевиќ Љубиша, ул. „Браќа Гиновски" бр. 102, Гостивар. (157)

## СОДРЖИНА

Страна


318. Указ број 7 на претседателот на Република Македонија од 3 март 1993 година ... 241
319. Указ број 8 на претседателот на Република Македонија од 3 март 1993 година ... 241
320. Указ број 9 на претседателот на Република Македонија од 3 март 1993 година ... 241
321. Закон за изменување на Законот за издавачката дејност ... 241
322. Закон за изменување на Законот за сценско-уметничката дејност ... 242
323. Закон за изменување на Законот за заштита на спомениците на културата ... 242
324. Закон за изменување на Законот за музејската дејност ... 242
325. Закон за изменување на Законот за библиотечната дејност ... 243
326. Закон за изменување на Законот за споменици и спомен-обележја ... 243
327. Закон за изменување на Законот за филмската дејност ... 244
328. Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи ... 244
329. Закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот ... 245
330. Закон за изменување на Законот за основните права од работниот однос ... 245
331. Закон за изменување на Законот за вработувањето ... 246
332. Закон за изменување на Законот за општествена заштита на децата ... 246
333. Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ... 246
334. Закон за изменување на Законот за матичната евиденција за осигурениците и уживателите на права од пензиското и инвалидското осигурување ... 247
335. Закон за изменување на Законот за условите, за засновање работен однос со странски државјани ... 247
336. Закон за изменување на Законот за управната инспекција ... 247
337. Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ... 248
338. Закон за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас ... 248
339. Закон за изменување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата ... 249
340. Закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ... 251
341. Закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ... 252
342. Закон за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи ... 253
343. Закон за изменување на Законот за заштита од пожари ... 254
344. Закон за изменување на Законот за прометот на експлозивните материи ... 255
345. Закон за изменување на Законот за превозот на опасни материи ... 257
346. Одлука за трансформирање на користени средства од Постојаната резерва на Република Македонија во неповратни средства ... 258
347. Одлука за замена на недвижен имот ... 258
348. Одлука за основање посебна организација со стопанска дејност во затворот Гевгелија ... 259
349. Одлука за основање на посебна организација со стопанска дејност во Затворот Штип со отвореното одделение во Струмица ... 259
350. Одлука за основање на посебна организација со стопанска дејност во Затворот Битола со отворено одделение во Битола ... 260
351. Решение за највисоките износи на дневници за службени патувања во странство и за издатоците за селидбени трошоци што на органите на управата и управните организации им се признаваат во материјални трошоци ... 261
352. Решение на Републичката геодетска управа ... 266
353. Решение на Републичката геодетска управа ... 266
354. Решение на Републичката геодетска управа ... 266
355. Решение на Републичката геодетска управа ... 267
356. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 90/92 од 20 јануари 1993 година ... 267


**Општи акти на фондовите и заводите**


9. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување месечно ниво на пензиите на посебни категории осигуреници ... 267
10. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на платите од поранешните години на ниво на платите од 1992 година ... 267
11. Решение за усогласување на пензиите и паричните надоместоци за јануари 1993 година ... 268
12. Решение за определување на најнискиот износ на пензија и на граничниот износ на најниското пензиско примање за јануари 1993 година ... 268
13. Решение за определување износот на земјоделските минимални старосни и семејни пензии за јануари 1993 година ... 269
14. Решение за усогласување на пензиите за воените осигуреници за јануари 1993 година ... 269
15. Решение за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и на инвалидите на трудот за јануари 1993 година ... 269
16. Решение за висината на надоместокот за вработување на инвалидни лица за јануари 1993 година ... 269
17. Одлука за утврдување на износот, начинот и постапката за одобрување на надоместок за вработување инвалидни лица ... 270


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" 6б. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Телефакс 239-285. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" - Скопје**